РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT
Бр.- Nr. 03-8/1
03.01.2023 год.-vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ОПШТИНА БРВЕНИЦА - KOMUNA E BËRVENICËS
Бр.-Nr. 03-23/1
03.01.2022 200__ год.-vit.
БРВЕНИЦА - BËRVENICË

Д О Г О В О Р

ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу

1. Општина Јегуновце, со седиште на ул. 101 , бр.бб, Јегуновце, застапувана од страна на Градоначалникот Димитар Костадиноски, од една страна и
2. Општина Брвеница , со седиште на ул. ,, М.Тито,, бр.бб, Брвеница, застапувана од страна на Градоначалникот Јовица Илиевски, од друга страна

Член 1

Предмет на Овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на Р.М. ,, бр. 05/22) и член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (,, Сл. весник на Р.М. бр. 79/2009), за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините од надлежност на инспекциски надзор од областа на комуналните дејности, заштита на животната средина и природа и градежништво и вршење на определени работи од надлежност на комуналните дејности заштита на животната средина и природа (одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Б-интегрирани еколошки дозволи), и др, од страна на Општина Брвеница , а за сметка на Општина Јегуновце.

Член 2

Општина Брвеница во корист и за сметка на Општина Јегуновце преку својата инспекциска служба ќе врши инспекциски надзор од областа на комуналните дејности, заштита на животната средина и природа и градежништво, како и вршење на определени работи од надлежност на комуналните дејности и заштита на животната средина и природа (одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Б-интегрирани еколошки дозволи) и др.

Државните службеници од Општина Брвеница , својата работа ќе ја извршуваат согласно закон и подзаконски акти, согласно утврдени начела и стандарди за овој вид на работа.

Општина Брвеница ќе ги врши работите од Член 1 од овој Договор без надоместок.

Член 3

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни, а се склучува за времетраење најдоцна до 31.12.2023 година.

Член 4

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договрни страни.

Оовој Догвоор може да се раскине и по барање на една од договорните страни , но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинување на договорот.

Член 5

Договорните страни се согласни евентуалните спорни односи да ги разрешуваат на спогодбен начин, во спротивно надлежен е Основниот суд во Тетово.

Члне 6

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднакви примероци , по три за секоја од договрните страни и истиот ќе биде објавен во ,, Службен весник на Република Северна Македонија,, на терет на Општина Јегуновце.

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски

Општина Брвеница
Градоначалник
Јовица Илиевски